СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 5 октомври 1973
Скопје
Број 34 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 4 дин. Жиро сметка 40100-601-128

362.

Врз основа на став 2 од завршниот дел на Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија од 1971 до 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 12/72), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БАНКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ФИНАНСИСКИ КРЕДИТИ И ЗА НАМЕНИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТИТЕ

1. Се определува Стопанската банка — Скопје за склучување на странски финансиски кредити во износ од 106.032.000 динари што се распределени на Социјалистичка Република Македонија (точ. 2 од Одлуката за изземање од полагање депозит по странските финансиски кредити што во странство ги користат организациите на здружениот труд и овластените банки („Службен лист на СФРЈ“ бр. 45/71).

2. Средствата од кредитите од претходната точка ќе се користат за вложување во областите и гранките кои имаат приоритет според Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија од 1971 до 1975 година, и тоа:

а) во областа на индустријата за производство на основни метали, хемиската индустрија, металопреработувачката и електроиндустријата и енергетиката во износ од 81.032.000 динари; и

б) во областа на земјоделството во износ од 25.000.000 динари.

3. Средствата од точката 2 на оваа одлука ќе се користат за основни и трајни обртни средства, за измена на структурата на производството предвидена во Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија од 1971 до 1975 година и за покривање на зголемените вредности кај објектите во изградба, а во областа на земјоделството и за набавка на земјоделска механизација и кредитирање на сточниот подмладок.

4. Поблиските услови за користење на средствата од кредитите по оваа одлука ќе ги утврди Стопанската банка, во зависност од условите под кои ќе се добијат странските кредити.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2260/1
5 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

363.

Врз основа на член 29 став 3 и член 43 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПОМОШНИК ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ШКОЛСТВОТО

1. Се разрешува од должност помошник директор на Републичкиот завод за унапредување на школството Драгослав Вељковиќ, по негово барање, поради остварување право на старосна пензија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-2337/1
5 септември 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

132.

Врз основа на одредбите на член 181 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и одредбите на член 13 од Правилникот за податоците што се регистрираат во матичната евиденција за осигурениците и уживателите на пензии („Службен лист на СФРЈ“ бр. 42/71), Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, го издава следново

УПАТСТВО

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА ОБРАСЦИТЕ ПРОПИШАНИ ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

1. Со ова упатство се одредуваат техничките елементи на обрасците за водење на матичната евиденција на осигурениците (М-1, М-2, М-1/М-2, М-3, М-4 и М-8) пропишани со Правилникот за податоците што се регистрираат во матичната евиденција за осигурениците и уживателите на пензии („Службен лист на СФРЈ“ бр. 42/71) кои зависат од техничките барања на опремата што се користи за водење на матичната евиденција при Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

2. Во пријавите на осигурување се внесуваат обележја за шифрирање и тоа:

а) во пријавата на осигурување — образец М-1, обележје ВК 1111;

б) во одјавата на осигурување — образец М-2, обележје ВК 1211;

Обрасците М-1, М-2, М-1/М-2 се споени во сет од 5 листа, а пополнувањето на обележјата од реден број 01 до 21, се врши едновремено на Пријавата на осигурувањето — Одјавата на осигурувањето и Потврдата за поднесената пријава — одјава на осигурување со тоа што на грбот на Потврдата (М-1/М-2) е отпечатено и упатство за пополнување на сите три обрасци.

Форматот на образецот М-1, М-2 и М-1/М-2 ги има следните димензии: 297 × 227 а се печати на 50 грамска бездрвна хартија.

в) во пријавата за промена во текот на осигурувањето образец М-3, обележје ВК 1311.

Образецот М-3 е споен во сет од 3 листа и пополнувањето се врши со едно впишување. На грбот од Потврдата отпечатено е кои обележја се пополнуваат доколку настане некоја промена во текот на осигурувањето.

Форматот на образецот М-3 ги има следните димензии: 297 × 227 а се печати на 50 грамска бездрвна хартија.

3. Во пријавата на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурувањето — образец М-4, се внесува обележје за шифрирање ВК 1141.

Образецот М-4 е групна пријава во која се регистрира утврдениот стаж и личниот доход за 20 вработени. Образецот М-4 е сет од 3 листа од кои првиот е за матичната евиденција, вториот за здравственото осигурување и третиот за работната организација.

Форматот на образецот М-4 ги има следните димензии: 420 × 294 а се печатени два листа на карбонизирана хартија и еден лист на 50 грамска бездрвна хартија.

4. Во Пријавата за промената на податоците за личниот доход и за стажот на осигурувањето — образец М-8, се внесува обележје за шифрирање ВК 1811.

Образецот М-8 е единечна пријава и е сет од 3 листа, од кои првиот лист е за матичната евиденција, вториот е за здравственото осигурување и третиот е за работната организација.

Форматот на образецот М-8 ги има следните димензии: 298 × 211 а се печатени два листа на карбонизирана хартија и еден лист на 50 грамска бездрвна хартија.

5. Обрасците М-1, М-2, М-1/М-2, М-3, М-4 и М-8 со обележјата дадени во ова упатство се објавуваат како прилог и претставуваат составен дел на истото.

6. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 01-2128/1
11 септември 1973 година
Скопје

Директор,
Душко Ѓорѓиев, с. р.

Оiласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Алиев Седат од Титов Велес, против тужената Алиева Сабрија, со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се поканува тужената Алиева Сабрија, да се јави во судот или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ". Во противно ќе ѝ се определи старател кој ќе ја застапува до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2219/71. (127)

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка по тужбата на тужителот Имери Сефер од Скопје, ул. 152-бис" број 17, против тужената Халили Низакет Имери со непознато место на живеење, за развод на брак. Вредност на спорот е 2.000 динари.

Се повикува тужената Халили Низакет во рок од 30 дена да се јави во судот или да ја достави својата точна адреса. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе ѝ определи временски старател кој ќе ја застапува до правосилното завршување на бракоразводниот спор, а согласно член 77 од ЗПП.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2688/72 од 5. III. 1973 година. (116)

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор од тужителот Имери Имер од Скопје, ул. „211" број 48, против тужената Имери Џемиле, родена Јахија, порано од Скопје, сега со непозната адреса, за развод на брак.

Се повикува тужената Имери Џемиле во рок од 30 дена да се јави во овој суд или да ја достави својата адреса. Во спротивно судот ќе ѝ постави старател за посебен случај кој ќе ја застапува до завршувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1005/73. (117)

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор од тужителот Рецепи Амет, од Скопје, ул. „1114" број 9, населба Бутел I, против тужената Рецепи Афизе, по татко Диноли, порано од Скопје, сега со непозната адреса, за развод на брак.

Се повикува тужената Рецепи Афизе да се јави во Окружниот суд во Скопје во рок од 30 дена или да ја достави својата адреса. Во спротивно судот ќе ѝ определи старател кој ќе ја застапува до завршувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 958/73. (118)

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Зирефе Имери од Тетово, против тужениот Халит Имери, роден на 6. I. 1945 година во Тетово, од татко Изет и мајка Хамдије, сега со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужениот Халит Имери од Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во судот или да ја соопшти својата адреса. Во спротивно ќе му се определи привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 428/73. (120)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Стојчевска Добрица од Битола, ул. „Браќа Миладинови“ бр. 133, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Стојчевски Панде, од Битола, сега во Австралија со непознато место на живеење.

Бидејќи туженото е во неизвесност, тоа се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде определен таков по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 565/73. (114)

ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Блашка Крстева од Кочани, како законска застапничка на малолетниот Зоран Крстев од Кочани, поднесе тужба за утврдување на татковство против туженото Лазо Јаков од Кочани, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на туженото не се познати се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ да се јави во судот или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Љубе Николов, приправник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 167/73. (115)

РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 383, страна 577, книга II е запишано следното: За директор на Гинеколошко-акушерската клиника при Медицинскиот факултет — Скопје повторно е избран Шукаров д-р Љубомир, согласно одлуката на советот на Гинеколошко-акушерската клиника — Скопје, при Медицинскиот факултет — Скопје и записникот број 112 од 26. XII. 1972 година и како таков истата во иднина ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници Цонка Лукарева, пом. директор и Веска Ристиќ, шеф на сметководството.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 15 од 30. I. 1973 година. (250

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 316, страна 1020 е запишано следното: Се брише од регистарот на установите, од рег. бр. 316, страна 299, книга II Земјоделскиот институт — Скопје поради тоа што станал установа во состав на здружената научна установа — Здружен земјоделски институт — Скопје, со решението Ус. бр. 112/69 од 16. VI. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 83/72 од 18. I. 1973 година. (289)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 3. I. 1973 година, рег. бр. 84/66 е запишано следното: Се проширува предметот на работењето на Заводот за урбанизам и комунално стопанисување — Битола, уште со:

— проектирање и изработување проекти за секаков вид објекти од јавен, општествен и стопански карактер во сите фази;

— посредување во инвеститорските работи помеѓу инвеститорите и изведувачите на секаков вид објекти од јавен, општествен и стопански карактер;

— изработување инвестициони програми и елаборати за сите видови објекти од висока и ниска градба;

— вршење геодетски работи што со пропис не се во надлежност на посебен вид организации.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работната заедница на Заводот за урбанизам и комунално стопанисување — Битола, бр. 02-1176 од 8. XII. 1972 година и решението на Собранието на општината Битола број 01-6096 од 26. XII. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 1/73. (299)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 23. I. 1973 година, рег. бр. 23/65 е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на Александар Силјановски, директор на Вишата техничка школа — Битола.

Се овластува Масларов Ѓорѓи, директор, покрај досегашните потписници Лазаревска Воскресија, режисер и Николова Цветанка, сметководител, да ја потпишуваат Вишата техничка школа во Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 7/73. (300)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 10. I. 1973 година, рег. бр. 6/71 е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на Христо Литовски, директор на Детското одморалиште „Пелистер“ — Битола.

Се овластува Литовски Панајот, директор, за потпишување на одморалиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 4/73. (301)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 8. I. 1973 година, рег. бр. 65/66 е запишано следното: Комуналниот завод за социјално осигурување — Охрид престана со својата работа и се брише од регистарот на установите, со тоа што правата и обврските се пренесуваат на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 3/73. (308)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 18. I. 1973 година, рег. бр. 67/65 е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на Благоја Чингоски, директор на Основното училиште „Коле Неделковски“ — село Велгошти, Охридско.

Се овластува Банцов Никола, директор, за потпишување на училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 5/73. (309)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 736, страна 1189, книга III е запишан под фирма: Интернат при Вишата гимназија „Мирко Милески“ — Кичево. Предмет на работењето на интернатот е воспитување, исхрана и спиење на младинци — средношколци.

Интернатот е основан од Народниот одбор на Охридска околија, со решението бр. 7559 од 1. VIII. 1957 година.

Интернатот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Миладин Милошески, директор и Трајаноски Јовица, претседател на работната заедница.

Обврската пред банката е со два потписа.

Конституирањето ќе се изврши во рок од 60 дена по уписот на актот за основање.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 180/72 од 19. II. 1973 година. (335)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 735, страна 1185, книга III е запишан под фирма: Дом на пензионерите — Тетово, улица „120" бб. Предмет на работењето на домот е вршење на угостителска дејност преку бифе — ресторан.

Домот е основан од Советот на пензионерите и трудовите инвалиди — Тетово, со одлуката од одржаната седница на 17. V. 1972 година.

Домот на пензионерите — Тетово ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Кочоски Трпко, директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 17 од 22. II. 1973 година. (347)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 591, страна 443, книга III е запишано следното: На досегашните потписници на Основното училиште „Братство-единство" — Дебар и тоа: Петрит Муча, директор, Владо Јосифовски, Ментор Макјелара им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За директор на Основното училиште „Братство-единство" — Дебар, со одлуката на советот на училиштето од одржаната седница на 22. VIII. 1969 година, број 01-253/1 од 1. IX. 1969 година е назначен Адли Сали Белчишта, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Митре Тодор Георгиевски и стариот регистриран потписник Аци Адем Шарофи, сметано од 1. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 36 од 21. II. 1973 година. (354)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 93, страна 592, книга I е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Моша Пијаде" — село Облавце, Кумановско Алексиќ Петровние Трајан, директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со решението бр. 234 од 15. XII. 1972 година на Основното училиште „Моша Пијаде" — село Облавце.

За директор на Основното училиште „Моша Пијаде" — село Облавце, Кумановско е назначен Цветковски Стојче Стојадин, со одлуката на советот на работната заедница, број 229 од 15. XII. 1972 година, кој во иднина истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Давитковски Зафиров Киро, секретар, сметано од 9. I. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 3 од 19. II. 1973 година. (356)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 45, страна 184, книга I е запишано следното: На досегашниот потписник на Домот за стари и изнемоштени лица „Зафир Сајто" — Куманово Бојан Секирарски, директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност, со решението на Народниот одбор на општината Куманово, број 24363/57 од 13. I. 1958 година.

За директор на Домот за стари и изнемоштени лица „Зафир Сајто" — Куманово е назначен, со решението број 4108 од 4. V. 1959 година Ѓорѓи Христовски, кој во иднина истиот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Благој Димишковски, сметано од 16. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 51 од 20. II. 1973 година. (357)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 603, страна 515, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Централното основно училиште „Мирче Ацев" — село Локвица, општина Македонски Брод, Павлевски Николов Митре, директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За нов директор на Централното основно училиште „Мирче Ацев" — село Локвица, општина Македонски Брод е назначен Трајаноски Василие, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Радески Колев Симе, сметано од 2. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 48 од 13. II. 1973 година. (359)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 366, страна 501, книга II е запишано следното: Покрај досегашниот потписник на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје Ристовски Станко, сметкополагач, истата во иднина ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, и новоназначените потписници со одлуката на советот на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје, број 02-169/1 од 1. II. 1973 година, од одржаната седница на 19. I. 1973 година и тоа: Георгиевски Јован Славко, дипл. правник — секретар на библиотеката и Несторовска Трајко Еленка, сметководител, сметано од 2. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 37 од 13. II. 1973 година. (361)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 664, страна 801, книга III е запишано следното: На досегашниот в. д. директор на Индустриското училиште со практична настава од метален, текстилен и керамичен смер „Коле Неделковски" — Титов Велес Алексовски Мијалко Александар, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на Индустриското училиште со практична настава од метален, текстилен и керамичен смер „Коле Неделковски" — Титов Велес, со решението бр. 03-176 од 6. II. 1973 година е назначен Сараѓиновски Никола, кој истото во иднина ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Ристова Божана, книговодител, сметано од 7. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 40 од 14. II. 1973 година. (371)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 738, страна 1197, книга III е запишано под фирма: Централно основно училиште „Петре Поп Арсов" — село Богомила, Титоввелешко. Предмет на работењето на училиштето е да врши општо основно образование и воспитување на училишните обврзници од 7 до 15 години возраст и образование на возрасни со задача: да им дава на учениците основи на социјалистичкото воспитување и на современото општо образование, да го потпомага сестраниот развој на учениците, да ги развива работните навики, да ги усовршува и поттикнува нивните лични способности и предиспозиции и да им помага во изборот на позивот, да врши воспитување и образование врз начелата на науката и педагогијата, врз придобивките на историјата и културата на народите на Југославија и други народи, а врз идејните основи и врз хуманистичкиот дух на социјализмот.

Училиштето е основано со присоединување на Полното основно училиште „Јанакула Јанакиев" — село Теово и Полното основно училиште „Петре Поп Арсов" — село Богомила во единствено училиште под назив: „Петре Поп Арсов" — централно основно училиште — село Богомила, согласно одлуката на советот на Полното основно училиште „Петре Поп Арсов" — село Богомила, број 03/150 од 29. XII. 1972 година, одлуката на советот на Полното основно училиште „Јанакула Јанакиев" — село Теово, број 18 од 17. I. 1973 година и решението за давање согласност на одлуките за соединување на основните училишта, број 01-5476 од 10. I. 1973 година.

Училиштето ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Јорданов Мито, в. д. директор и Томислав Најдовски, сметководител.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Централното основно училиште „Петре Поп Арсов" — село Богомила, е конституирано на 29. XII. 1972 година.

Во состав на Централното основно училиште „Петре Поп Арсов" — село Богомила влегуваат како дислоцирани работни единици следните подрачни училишта: 1. Полно основно училиште „Јанакула Јанакиев" — село Теово, 2. Полно основно училиште „Шефки Оџа" — село Согле, 3. Неполно основно училиште „Васил Антевски" — село Оморани, 4. Неполно периодично основно училиште „Браќа Јаневи" — село Ораовдол, 5. Неполно основно училиште „Трајко Андреев" — село Бистрица, 6. Неполно основно училиште „Питу Гули" — село Ореше, 7. Неполно основно училиште „Мицко Козаров" — село Папрадиште и 8. Неполно основно училиште „Дуња Скопјанка" — село Нежилово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 45 од 15. II. 1973 година. (385)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 388, страна 597, книга II е запишано следното: На досегашните потписници на Народниот театар — Куманово Николовски Ѓорѓи, в. д. управник и Петар Трајковски им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нов потписник на Народниот театар — Куманово е назначен Томислав Спасовски, директор, кој истиот во иднина ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 6. II. 1973 година. Истиот е назначен со решението број 132 од 6. XI. 1972 година на советот на работната заедница на Народниот театар — Куманово.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 39 од 19. II. 1973 година. (390)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 531, страна 163, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник — директор на Основното училиште „11 Октомври" — село Симница, Гостивар Ѓорѓески Мојсо му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката на советот на работната заедница, број 0101-183/1 од 13. IX. 1972 година.

Исто така му престанува правото за потпишување на Фејзули Фазли, секретар на Основното училиште „11 Октомври" — село Симница, бидејќи е разрешен од должност со одлуката на советот на работната заедница, број 0101-250/1 од 26. XII. 1972 година.

За нови потписници на Основното училиште „11 Октомври" — село Симница, Гостиварско, со одлуката на советот на работната заедница, број 0101-20/1 од 26. I. 1973 година се назначени Зенкс Шезо, в. д. директор и Бегзати Бегзат, секретар, кои училиштето ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Апостоловска Доста, учителка.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 54 од 28. II. 1973 година. (388)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 35, страна 144, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Уметничката галерија — Скопје и тоа: Мартиноски Никола, директор и Поповски Душан, секретар, со одлуката на советот на работната заедница број 84 од 21. II. 1973 година од одржаната седница на 12. II. 1973 година им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на Галеријата со горенаведената одлука се назначени следните лица: Даниловиќ Вера, в. д. директор и Славковиќ Крсто, кои истата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, сметано од 23. I. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 60 од 27. II. 1973 година. (398)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 350, страна 435, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник — директор на Детската градинка „Мирче Ацев" — Скопје Керима Муча ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност со решението бр. 31 од 26. II. 1966 година.

За директор на Детската градинка „Мирче Ацев" — Скопје, со решението бр. 84 од 24. V. 1967 година на Детската градинка „Мирче Ацев" — Скопје, е назначена Николовска Тана, која истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Поповска Бојка, сметководител.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 58 од 28. II. 1973 година. (399)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 20. II. 1973 година, страна 85, реден број 2 е запишано следното: Досегашниот директор на Основното училиште „Ванчо Китанов" од Пехчево Андреа Костовски е разрешен од должност. За директор е именуван Димитар Ингилизов.

Предниот упис е извршен врз основа на одлуката на советот на училиштето, бр. 89 од 20. VIII. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 14/72. (447)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 20. II. 1973 година, рег. бр. 8, книга I, реден број 3 е запишано следното: Досегашниот директор на Работничкиот универзитет „Ванчо Прке" од Штип Александар Драге Бурик е разрешен од должност. За в. д. директор е именуван Благој Самоников.

Предниот упис е извршен врз основа на одлуката на работничкиот совет на Работничкиот универзитет „Ванчо Прке" — Штип, бр. 03-01-78/73 од 5. II. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 3/73. (455)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 27. II. 1973 година, рег. бр. 33, книга I, реден број 2 е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Комбинираната предучилишна установа „Вера Цирививири-Трена" од Штип Дафинка Лазарова е разрешена од должност. За директор е именуван Симеон Кожухаров.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на записникот на советот на установата од 22. I. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 5/73. (456)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 741, страна 1229, книга III е запишано под фирма: Централно основно училиште „Војвода Карпош" — село Дубровница, Крива Паланка. Предмет на работењето на училиштето е воспитување и образование на децата од 7 до 15 години (прво до осмо одделение).

Училиштето е основано од Собранието на општината Крива Паланка, со решението бр. 02-593/1 од 17. VI. 1971 година за давање согласност за разделување на Централното основно училиште „Кочо Рацин" — село Подржикоњ на две централни училишта.

Централното основно училиште „Војвода Карпош" — село Дубровница ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Младен Стојанчев Младеновски, в. д. директор, Киро Јакимов Крстевски, наставник и благајник на училиштето и Стојан Младенов Јакимовски, наставник.

Обврската пред банката е со два потписа.

Централното основно училиште „Војвода Карпош" — село Дубровница, Собрание на општината Крива Паланка ќе се конституира во рок од 30 дена по уписот на актот за основање.

Се брише од регистарот на установите, од рег. бр. 354, страна 451, книга II Централното основно училиште „Кочо Рацин" — село Подржикоњ, бидејќи со решението на Собранието на општината Крива Паланка, број 02-593/1 од 17. VI. 1971 година се дели на две централни училишта: „Кочо Рацин" — село Подржикоњ и „Војвода Карпош" — село Дубровница.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 189/71 од 6. III. 1973 година. (459)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 389, страна 601, книга II е запишано следното: На досегашните потписници на Основното училиште „Тефејуз" — Скопје и тоа: Ариф Аго, директор и Матиќ Нада, секретар — сметководител, со одлуката на советот на Основното училиште „Тефејуз" — Скопје, број 44 од 16. II. 1973 година им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на Основното училиште „Тефејуз" — Скопје со горенаведената одлука се назначени следните лица: Муцаит Корча, в. д. директор и Абдула Аки, секретар, кои истото во иднина ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, сметано од 22. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 56 од 6. III. 1973 година. (462)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 739, страна 1221, книга III е запишано под фирма: Централно основно училиште „Кочо Рацин" — село Подржикоњ, Крива Паланка. Предмет на работењето на училиштето е воспитување и образование на децата од 7—15 години (прво до осмо одделение).

Училиштето е основано од Собранието на општината Крива Паланка, со решението бр. 02-593/1 од 17. VI. 1971 година за давање согласност за разделување на Централното основно училиште „Кочо Рацин", село Подржикоњ на две централни училишта и тоа: Централно основно училиште „Кочо Рацин" — село Подржикоњ и Централно основно училиште „Војвода Карпош" — село Дубровница.

Централното основно училиште „Кочо Рацин", село Подржикоњ ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Ѓорѓи Ангел Митевски, директор, Јане П. Каранфилов и Саздо С. Станоевски.

Обврската пред банката е со два потписа.

Во составот на Централното основно училиште „Кочо Рацин" — село Подржикоњ е Подрачното основно училиште „Пере Тошев" — село Луке.

Централното основно училиште „Кочо Рацин" — село Подржикоњ ќе се конституира во рок од 30 дена по уписот на актот за основање во регистарот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 127 од 5. III. 1973 година. (480)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 743, страна 1241, книга III е запишана под фирма: Заедница на здравственото осигурување на земјоделците — Титов Велес, ул. „Шефки Сали" број 3. Предмет на работењето на Заедницата е спроведување на здравственото осигурување на земјоделците на подрачјето на општините Титов Велес, Кавадарци, Гевгелија, Неготино и Свети Николе.

Заедницата е основана од Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците — Скопје („Службен весник на СРМ" бр. 43/71), на седницата одржана на 29. XII. 1971 година, со одлуката бр. 01-3566/1.

Заедницата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Сланев Милан, в. д. директор, Тончов Томе, Митев Димитрија и Гонев Борис, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 62 од 15. III. 1973 година. (492)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 742, страна 1137, книга III е запишана под фирма: Заедница на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, ул. „Шефки Сали" број 3.

Предмет на работењето на Заедницата е спроведување на здравственото осигурување на подрачјето на општините во Титов Велес, Кавадарци, Гевгелија, Неготино и Свети Николе.

Заедницата е основана од Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, со одлуката бр. 01-3577/1, на седницата одржана на 29. XII. 1971 година.

Заедницата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Сланев Милан, в. д. директор, Топчов Томе, Митев Димитрија и Гонев Борис, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 61 од 15. III. 1973 година. (493)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 572, страна 975, книга III е запишано следното: Согласно член 2 од Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 26/71), дејноста на Медицинскиот факултет — Скопје се проширува и со:

1. болничко-стационарна и специјалистичко-поликлиничка дејност за откривање и отстранување причините на заболувањата и оштетувањата, лекување и отстранување на последиците од болестите и оштетувањата (рехабилитација);

2. обезбедување со лекарства и санитетски материјал;

3. обезбедување на крв и крвни деривати; и

4. научно-истражувачка дејност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 18 од 23. II. 1973 година. (499)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 385, страна 585, книга II е запишано следното: Клиниката за нервни и душевни болести — Скопје се брише од регистарот на установите при овој суд како самостојна установа поради присоединување кон Медицинскиот факултет — Скопје, согласно со член 4 од Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 26/71) и одлуката на Медицинскиот факултет, број 01-2045 од 31. XII. 1971 година, донесена по пат на референдум.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 19 од 23. II. 1973 година. (501)

РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЃАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 4. IX. 1972 година, рег. бр. 5/67, книга II е запишана под фирма: Продавница во село Велестово, Охридско, на ЗИК „Скопско Поле" — Работна единица — Млекара — Охрид. Предмет на работењето на продавницата е промет со индустриско-прехранбени производи.

Раководител на продавницата е Глигороски Павле.

Продавницата е основана со одлуката на работната заедница на ЗИК „Скопско Поле" — Работна единица — Млекара — Охрид, бр. 121 од 15. III. 1972, односно од 1968 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и Млекарата — Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 249/72. (1836)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 4. IX. 1972 година, рег. бр. 5/67, книга II е запишана под фирма: Продавница во Охрид, ул. „Бистрица" бр. 66-а, на ЗИК „Скопско Поле" — Работна единица — Млекара — Охрид. Предмет на работењето на продавницата е продажба на разни колонијални стоки.

Раководител на продавницата е Даути Севди.

Продавницата е основана со одлуката на работната заедница на ЗИК „Скопско Поле" — Работна единица — Млекара — Охрид, бр. 196 од 11. VI. 1972 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и Млекарата во Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 248/72. (1837)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. X. 1972 година, рег. бр. 11/72 и 22/72/II е запишана под фирма: Основна организација на здружен труд, со својство на правно лице „Охридско Езеро" — Охрид, на Претпријатието за стопанисување со води „Водостопанство" — Скопје. Предмет на работењето на основната организација е:

— да врши водостопанска услужна дејност, снабдување со вода за наводнување на земјоделските површини, одржување на објектите за снабдување со вода, реконструкција на водостопанските објекти и постројки кои ги има преземено на управување и користење на подрачјето на општината Охрид;

— врши и други споредни дејности што непосредно служат на регистрираната дејност во помал обем и повремено, кои придонесуваат за целосно искористување на капацитетите — во соработка со стопанските претпријатија и индивидуалните производители.

Основната организација ќе ја потпишува Блажевски Павлов Петар, директор.

Основната организација на здружен труд „Охридско Езеро" — Охрид настана од некогашното Водостопанско претпријатие „Охридско Езеро" — Охрид кое се присоедини кон Претпријатието за стопанисување со води „Водостопанство" — Скопје, а врз основа на одлуката на работната заедница бр. 40/3-72 од 24. II. 1972 година, самоуправната спогодба од месец мај и решението на Окружниот стопански суд — Скопје, Фи. бр. 886 од 29. IX. 1972 година.

Се брише од регистарот на стопанските организации, при овој суд, од рег. бр. 11/72, книга II Водостопанското претпријатие „Охридско Езеро" — Охрид, поради присоединување кон Претпријатието за стопанисување со води „Водостопанство" — Скопје, а согласно со горенаведеното решение на Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 836 од 29. IX. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола. Фи. бр. 272 и 273/72. (1838)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 31. X. 1972 година, рег. бр. 12/59, книга II е запишана под фирма: Продавница бр. 8 во Охрид (лоцирана во кругот на Филијалата), на „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во ~~Битола~~ Охрид. Предмет на работењето на продавницата е продажба на леб, бело печиво и други прехранбени стоки.

Раководител на продавницата е Петрески Лазар.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Жито Македонија" — Филијала во Охрид, бр. 02-529 од 25. III. 1972 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и филијалата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 301/72. (1839)

